Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 262//0306
23.05 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 13.05.2025 година, врз основа на примена жалба од **ЈУ Зоолошка градина на Град Скопје,** го донесе следново мислење:

**МИСЛЕЊЕ**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„Кирков: Вработените во ЗОО последно земале февруарска плата, цели фамилии страдаат поради неспособноста на Данела Арсовска“** , објавен од онлајн медиумот Курир.мк (kurir.mk) на 30.04.2025 г. отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ на 02.05.2025 г., упати жалба за текстот со наслов „Кирков: Вработените во ЗОО последно земале февруарска плата, цели фамилии страдаат поради неспособноста на Данела Арсовска“, објавен од онлајн медиумот Курир.мк (kurir.mk) на 30.04.2025 г., при што се жали на „неточно и нефер известување, на незастапена втора страна, на мешање на факти и мислења, вест со коментар, на пристрасност и неурамнотеженост во информирањето и на нарушување на приватноста“.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува: „Содржината во горенаведениот текст е еднострана, не е побарана изјава од втората страна, ниту е објавен демантот во кој се наведени причините поради кои не се исплатени плати за вработените во ЗОО. Сметаме дека порталот врши неточно и нефер изветување, бидеќи не е застапена втората страна, односно не е побарана изјава од ЈУ Зоолошка градина на Град Скопје“.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителката.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Кирков: Вработените во ЗОО последно земале февруарска плата, цели фамилии страдаат поради неспособноста на Данела Арсовска“, објавен од онлајн медиумот Курир.мк (kurir.mk) на 30.04.2025 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што се прекршени член 1 и член 3 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст во кој се пренесува информација што ја пласира советник во Советот на Град Скопје, во врска со тековна состојба со исплата на платите на вработените во Зоолошката градина Скопје, што е прашање од јавен интерес.

Комисијата најпрво констатираше дека текстот е пренесена информација од Фејсбук статус на советникот, но тоа не се нагласува , туку текстот треба да се дочита до крај за да се види дека има прикачено и линк до статусот на советникот. Содржината на текстот пак, е идентична со содржината на статусот на советникот, а интервенирано е само во насловот, каде што од трите прозвани субјекти, Град Скопје, директорот на ЗОО и градоначалничката Арсовска, медиумот ја потенцирал во насловот само градоначалничката.

Бидејќи станува збор за прашање што самото по себе е од јавен интерес и бидејќи пренесениот статус во текстот се однесува пред се на состојбата со вработените во јавната установа, медиумот требало да направи поголем напор за појаснување на ситуацијата и да побара во најмала рака одговор од втората страна – ЈУ ЗОО Скопје, за да можат читателите да имаат можност да бидат пообјективно информирани и да носат заклучоци за тоа каде е проблемот.

Медиумот имал етичка и професионална обврска да го објави и демантот упатен од ЈУ ЗОО Скопје, но тоа не е сторено, со што е нарушено правото на одговор кое е санкционирано и во Кодексот на новинарите на Македонија. Комисијата нагласува дека објавувањето на демантот е важно затоа што ја дополнува информацијата и овозможува да се претстави и ставот на другата страна. Во случајов, со објавување на статусот на советникот медиумот пренел одредена информација, која со објавувањето на демантот ќе била дополнета, односно ќе се побиеле некои ставови во статусот на советникот и со тоа ќе ѝ било овозможено на публиката да изгради целосно мислење и сама да донесе суд за случајот. Од тука, Комисијата смета дека се прекршени членовите 1 и 3 од Кодексот кои го регулираат ова прашање:

**Член 1**

Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

**Член 3**

Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, демант и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата.

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Димитар Мицев, Зериета Јајага и Жана Божиновска.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595